Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21), член 68 став 1 точка 5 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 122/21), и точки 2 и 3 од Одлуката за определување редослед по кој вицегувернерите ќе го заменуваат гувернерот за време на неговото отсуство од работа или спреченост за извршување на обврските од работата во текот на 2023 година бр. 04-43353/1 од 30 декември 2022 година, Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за методологијата за управување со ликвидносниот ризик**
**(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 57/23)**

1. Во Одлуката за методологијата за управување со ликвидносниот ризик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 146/20), во точката 42 став 1 алинеја 2 зборовите: „нефинансиско правно лице (со исклучок на малите друштва коишто се вклучени во алиенејата 1 од овој став)", се заменуваат со зборовите: „нефинансиско лице (со исклучок на физичките лица и на малите друштва коишто се вклучени во алиенејата 1 од овој став)".

2. Во точката 52, во потточка 52.5, во втората реченица, зборот: „разлика" се заменува со зборот: „производ".

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О бр. 02-6835/7**
**27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**Вицегувернер**
**и претседавач на Советот**
**на Народната банка на**
**Република Северна Македонија**
**м-р Ана Митреска**